


# Анализа на заинтересираноста на производителите во Југоисточниот регион на Република Македонија за означување на нивните традиционални производи




**Автор:**
Вјара Стефанова

**Соработници:**
Емилија Неделковска, Елена Каровска, Жаклина Ивановска

**Изглед и дизајн:**
Горан Трсунов

**Фотографии:**
© Different photography: Ивана Кузмановска, Оливер Манев

**Издава:**
Slow Food Macedonia

**Печат:**
Бабук, Битола, 100 примероци



Содржина


1. Преглед на постоечката политика и законодавството на Европската Унија за заштита на географски ознаки и ознаки за потекло - 4

1.1. Постоечко законодавство и шеми на ЕУ - 4

1.2. Регистрирани производи и прехранбени производи според шемите за квалитет на ЕУ (ЗОП, ЗГО, ГТС) - 8

2. Преглед на постоечкото македонско законодавство за заштита на ознаки за потекло и географски ознаки. - 9

3. Анализа на прашалникот за заинтересираноста на производителите во Југоисточниот регион на Република Македонија за означување на нивните традиционални производи - 11

3.1.. Цел и методологија на истражувањето - 11

3.2. Општи информации за испитаниците - 11

3.3. Заинтересираноста на испитаниците кон назначувањето на нивните производи како ЗОП, ЗГО или ГТС - 14

4. Заклучоци и препораки - 16

# 1. Преглед на постоечката политика и законодавството на ЕУ за заштита на ознаки за потекло и географски ознаки

## 1.1. Постоечко законодавство и шеми на ЕУ

Законската легислатива на Европската Унија обезбедува заштита на системите за ознаки на потекло и географски ознаки за земјоделските и прехранбените производи. Во Европската Унија во 1992 год. беше креиран унифициран регулаторен систем за да ги регистрира вредните имиња на земјоделски производи и продукти произведени според одредена спецификација во дадена географска средина од страна на производители кои имаат знаење и искуство. Оттогаш наваму земјоделската политика на Унијата е блиско сродна или поврзана со три шеми на Унијата и тоа шемите за заштитени ознаки на потекло и заштитени географски ознаки, за органско земјоделство и за загарантирани традиционални специјалитети.

Специфичните цели на заштитата на ознаките за потекло и географските ознаки се за да обезбедат соодветен повраток за квалитетот на производите на земјоделците и преработувачите; да обезбедат унифицирана заштита на имињата како право на интелектуална сопственост на територијата на Европската Унија; да обезбедат јасни информации за производи со специфични карактеристики поврзани со географско потекло, што им овозможува на потрошувачите да направат соодветни купувања со информации за квалитетот на производите, а со тоа и повеќе купувања.

Од неодамна Регулативата на ЕУ 1151/2012 за шемите за квалитет на земјоделски и прехранбени производи ги поддржува земјоделците и потрошувачите преку зајакнување, прилагодување и развивање на шеми за идентификација на квалитетни прехранбени производи во Европа, обидувајќи се на тој начин да ја зајакне европската политика за квалитет на земјоделски производи преку зголемување на поврзаноста на различни шеми за квалитет. Таа вклучува мерки за поддршка на земјоделските и преработувачките активности, како и земјоделските системи поврзани со производи со висок квалитет, и тоа се реализира во согласност со целите на политиката за рурален развој на ЕУ. Регулативата не се однесува на алкохолни пијалоци, ароматизирани вина или производи од винова лоза.

Во Регулативата на ЕУ 1151/2012 се користат следниве дефиниции:

- Ознака за потекло - идентификува производ кој потекнува од одредено место, регион или во исклучителни случаи земја, каде што квалитетот или карактеристиките на производот се должат единствено или во најголем дел на географската средина со нејзините природни и човечки фактори, а сите чекори на производство се одвиваат во истата јасно дефинирана географска област;

- Географска ознака - идентификува производ што потекнува од одредено место, регион или земја, каде што одреден квалитет, репутација или друга карактеристика на производот во суштина се должи на неговото географско потекло и барем еден од чекорите на производството се одвива во дефинираната географска област;

- Гарантиран традиционален специјалитет - опишува специфичен преработен производ кој произлегува од начинот на производство и состав кој одговара на традиционалната пракса за тој производ и се произведува од суровини или состојки кои се традиционално користени. „Традиционално“ значи докажано користење на домашниот пазар за временски период кој овозможува пренос помеѓу генерации; овој временски период треба да биде оној генерално припишан на две генерации, најмалку 30 години.

Групите производители играат важна улога во процесот на аплицирање за регистрација на имиња како ознаки за потекло, географски ознаки и гарантирани традиционални специјалитети, вклучувајќи ги и дополнувањата на спецификациите и барањата за укинување. Групата исто така може да развие активности поврзани со следењето на: заштитните ознаки при спроведувањето во пракса; усогласеноста на производството со спецификацијата на производот; информациите и промоцијата на регистрираното име; како и воопшто секоја активност со цел подобрување на вредноста на регистрираните имиња и ефективноста на шемите за квалитет. Законодавството ја дефинира

„групата“ како кој и да било вид здружение, без оглед на нејзината правна форма, главно составено од производители или обработувачи кои работат со истиот производ.

Заштитената ознака за потекло (ЗОП) или заштитената географска ознака (ЗГО) треба да соодветствува со спецификацијата на производот што вклучува најмалку:

- името кое треба да се заштити како ознака за потекло или географска ознака, како што се користи во трговијата или во секојдневната општа употреба и само на јазиците кои се или биле историски употребувани за опишување на специфичниот производ во дефинираната географска област;
- опис на производот, а доколку е соодветно и на суровините, како и опис на главните физички, хемиски, микробиолошки или органолептички карактеристики на производот;
- дефиниција на географската област;
- доказ дека производот потекнува од дефинираната географска област и детали за врската помеѓу квалитетот, угледот или друга карактеристика на производот и географското потекло;
- опис на методот за добивање на производот и, онаму каде што е соодветно, на автентичните и непроменливи локални методи, како и информации во врска со пакувањето, ако групата барател така утврди и дава доволно оправдано образложение зошто пакувањето мора да се одвива во дефинираната географска област и како тоа влијае врз зачувувањето на квалитетот, осигурувањето на потеклото или обезбедувањето на контрола, земајќи го во предвид правото на Унијата, особено она за слободното движење на стоки и обезбедување услуги;
- име и адреса на институциите или телата за верификација кои ја потврдуваат усогласеноста со одредбите од спецификацијата на производот;
- секое посебно правило за обележување на производот кој е предмет на интересирање.

Ознаката гарантиран традиционален специјалитет (ГТС) треба да е во согласност со производна спецификација која ги има опфатено следните елементи:

- името предложено за регистрација, на соодветните јазични верзии;
- опис на производот кој што ги вклучува главните физички, хемиски, микробиолошки и органолептички карактеристики, кои го прикажуваат специфичниот карактер на производот;
- опис на производниот процес што производителот мора да го следи, вклучувајќи ги онаму каде што е соодветно, природата и карактеристиките на употребените суровини или состојки и начинот на кој е подготвен производот; и
- клучните елементи од кои произлегува традиционалниот карактер на производот.

Кратко објаснување за употребата на различните ознаки е дадено во **Табела 1.**

**Табела 1.** *Кратко објаснување на трите шеми за квалитет во согласност со Регулативата на ЕУ: 1151/2012*

| Шема | Лого | Кратко објаснување |
|---|---|---|
| Заштитена ознака на потекло | | Логото заштитена ознака за потекло (ЗОП) ја нагласува најсилната врска со територијата, барајќи сите аспекти на производство, преработка и подготовка да потекнуваат од тој регион. |
| Заштитена географска ознака | | Логото заштитена географска ознака (ЗГО) го нагласува локалното знаење и блиската врска помеѓу производот и местото или регионот. За регистрираните производи, барем една од фазите на производство, преработка или подготовка се одвива во регионот, но на пример состојките не мора да доаѓаат од тоа географско подрачје. |
| Гарантиран традиционален специјалитет | | Гарантиран традиционален специјалитет (ГТС) не е поврзан со територијата и се фокусира врз традицијата. Логото го истакнува традиционалниот метод на производство или состав на производот, предаван од генерација на генерација (најмалку 30 години), без неопходно да биде поврзан со одредена географска област. |

Секоја шема за квалитет има свои предности и предизвици кои се опишани во **Табела 2**. Истите можат да ја мотивираат групата производители да ја одбере ознаката за која сака да аплицира.

**Табела 2.** *Предности и предизвици на шемите за квалитет на ЕУ*

| Шема на квалитет | Силни страни | Предизвици |
|---|---|---|
| Ознака за потекло | Исклучително силната поврзаност помеѓу производот и неговата област на производство, односно квалитетот и карактеристиките на производот мора претежно да се припишува на соодветната географска област и нејзините природни и човечки ресурси;<br><br>Сите чекори на производствениот процес мора да се одвиваат во дефинираната географска област; што значи дека сите приходи од нивната продажба исто така ќе останат во регионот на потеклото;<br><br>Регистрацијата дава подобра заштита на името и производителот. А колку е силна во пракса, определено е со специфи-кацијата на производот. Кај некои производи, спецификацијата на производот ги вклучува и барањата за пакување и етикетирање на производите, што ја прави многу тешка злоупотребата на името.<br><br>Секој производител во избраниот регион кој што ги исполнува условите во согласност со спецификацијата на производот може да го користи името на производот. | Доколку суровините што доаѓаат надвор од дефинираната географска област се користат во производството на еден производ, не е препорачан избор ознаката за потекло, подобро е производителите да се насочат кон заштитена географска ознака;<br><br>✦ Развивањето на спецификацијата на производот, вклучувајќи ги и поставувањето на границите на географската област на потекло е исклучително важен процес. Ако е премногу строг (ограничувачки), тоа може да доведе до зголемување на трошоците за производство, а ако е премногу општо, нема да може да ја обезбеди потребната заштита за името на производите, како и за неговите производители. |
| Заштитена географска ознака | Силна поврзаност помеѓу производот и местото на производство, бидејќи е доволно тоа што квалитетот или угледот на производот можат да се припишат на географската област;<br><br>✦ Неопходно е да се изврши барем една од фазите на производство во рамките на дефинираната географска област, односно, не е неопходно да се има целокупното производство во рамките на предметната област;<br><br>✦ Секој производител од избраниот регион кој е во согласност со спецификацијата на производот може да го користи името на производот;<br><br>✦ Генерално, Заштитената географска ознака е пофлексибилна форма на регистрација, бидејќи дозволува, на пример, снабдување со суровини надвор од дефинираната географска област. | Силна поврзаност помеѓу производот и местото на производство, бидејќи е доволно да се припише квалитет или углед на производот на географската област;<br><br>✦ Неопходно е да се изврши барем една од фазите на производство во рамките на дефинираната географска област, односно, не е неопходно да се има целокупното производство во рамките на предметната област;<br><br>✦ Секој производител од избраниот регион кој е во согласност со спецификацијата на производот може да го користи името на производот;<br><br>✦ Генерално, заштитената географска ознака е пофлексибилна форма на регистрација, бидејќи дозволува, на пример, снабдување со суровини надвор од дефинираната географска област. |

| | | |
|---|---|---|
| Ознака за гарантиран традиционален специјалитет | Производот не е врзан за областа на производство, туку за начинот на производство, преработка или традиционален рецепт. Доказите за периодот на користење на името и начините на производство се потребни за најмалку 30 години;<br><br>✦ Заштитата на името е значително послаба од ознаките заштитена ознака за потекло или заштитена географска ознака, бидејќи производителите кои не се усогласени со спецификацијата на производот може да го користат името. Единствено ограничување е употребата на ознаката ГТС во комбинација со името на производот што може да го направат само производителите кои се усогласени со спецификацијата на производот.<br><br>✦ Регистрацијата како ознака за гарантиран традиционален специјалитет придонесува за зачувување на традициите и барем минимален дел од традиционалната содржина на производи загрозени од зголемената индустријализација и поедноставувањето на прехранбените производи. | Економските придобивки од регистрацијата на ГТС сè уште не ги достигнуваат нивоата на заштитената ознака на потекло и заштитената географска ознака кои се многу силно поврзани со нивните производни области. |

**Извор:** Казакова Ј., 2016, Економски и социјални придобивки од шемите за политики за квалитет на ЕУ

Процесот за добивање на регистрација на ЕУ (дијаграм 1) за производите од ЕУ и производите кои не се од ЕУ е малку поинаков. Се состои од 3 фази:

- На ниво на група производители, каде што производот е опишан во согласност со прецизна спецификација;
- На национално ниво, каде што се врши анализа од страна на националните власти (за производи на ЕУ) или заштита на националната заштита на географска ознака (за производите што не се членки на ЕУ);
- На ниво на ЕУ, каде што се врши процесот на регистрација на производот.

**Дијаграм 1.** *Процесот за добивање регистрација во базата на податоци на ЕУ за ознака: ЗОП, ЗГО и ГТС*
***Извор:*** *https://ec.europa.eu/agriculture/quality/schemes/foodstuff_en*




За производите од Македонија важно е прво да се добие национална регистрација и потоа да се поднесе барање за регистрација во базата на податоци на ЕУ.

# 1.2 Регистрирани прехранбени производи според шемите за квалитет на ЕУ (ЗОП, ЗГО и ГТС)

Сите производи регистрирани според шемите за квалитет на ЕУ се објавуваат во базата на податоци DOOR (http://ec.europa.eu/agriculture/quality/door/list.html). Во моментов (14 март 2018 година) има 1425 регистрирани производи, 26 објавени апликации и 141 производ, пријавени за регистрација. Заштитената географска ознака (ЗГО) е преферираната шема за квалитет (52% од сите регистрирани производи), по што следи заштитената ознака за потекло (ЗОП) (44% од сите регистрирани производи). Уделот на ознаката гарантиран традиционален специјалитет е само 5%, што покажува дека интересирањето за тој вид на заштита е многу мал (**графикони 1, 2 и 3**).

Удел на регистрираните производи со различни ознаки во базата на податоци DOOR, од 1425 производи, состојба на 14.03.2018




Удел на барањата за регистрирање производи со различни ознаки во базата на податоци DOOR, од 141 производ, состојба на 14.03.2018




Удел на објавените барања за регистрирање на производи со различни ознаки во базата на податоци DOOR, од 26 објавени барања, состојба на 14.03.2018




Производите се регистрирани во следните категории:

- Свежо месо (и отпадоци);
- Производи од месо (варени, солени, пушени, итн.);
- Сирење;
- Други производи од животинско потекло (јајца, мед, разни млечни производи, освен путер);
- Масла и масти (путер, маргарин, масла, итн.);
- Овошје, зеленчук и житни култури, свежи или преработени;
- Свежа риба, мекотели и ракови и производи добиени од нив;
- Други производи од Анекс I од Договорот (зачини);
- Пива;
- Пијалоци направени од растителни екстракти;
- Слатки, леб, пециво, колачи, бисквити и други пекарски производи;
- Тестенини, без разлика дали се варени или полнети;
- Природни гуми и смоли;
- Сенф;
- Сено;
- Есенцијални масла;
- Кохинеален (суров производ од животинско потекло);
- Цвеќиња и украсни растенија.

Поголемиот дел од производите регистрирани според различни шеми за квалитет се овошје и зеленчук, по што следи групата производи од месо и месни производи. Сирењата, исто така се застапени како доста голема група.

Поголемиот дел од производите доаѓаат од земји од Европската Унија. Има само 37 регистрации од 11 земји кои не се членки на ЕУ. Македонија нема регистриран производ во базата на податоци DOOR.

**Табела 3.** *Производи кои не се регистрирани во базата на податоци на ЕУ „DOOR“*

| State | Products in DOOR database | Registered | Applied | Published | PDO | PGI |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Andora | 1 | 1 | | | | 1 |
| Armenia | 1 | | 1 | | 1 | |
| Brazil | 1 | | 1 | | 1 | |
| Cambodia | 2 | 1 | | 1 | | 2 |
| China | 10 | 10 | | | 4 | 6 |
| Colombia | 1 | 1 | | | | 1 |
| Mongolia | 1 | 1 | 1 | | | 1 |
| Marocco | 1 | | 1 | | | 1 |
| Thailand | 4 | 4 | | | | 4 |
| Turkey | 14 | 3 | 11 | | 7 | 7 |
| Vietnam | 1 | 1 | | | 1 | |
| Total | 37 | 22 | 15 | 1 | 14 | 23 |

**Извор:** База на податоци „DOOR“, 14.03.2018

# 2. Преглед на постоечкото македонско законодавство за заштита на ознаки за потекло и географски ознаки

Правилата за национално означување на различните суровини и преработени производи во Македонија со ЗОП, ЗГИ и ГТС се утврдени во Поглавје III од Законот за квалитет на земјоделски производи. Покрај тоа, развиени се и следните правилници:

- Правилник за формата и содржината на пријавата за регистрација на ознака за потекло или географска ознака;
- Правилник за формата и содржината на пријавата за регистрација на ознака за гарантиран традиционален специјалитет;
- Правилник за формата и содржината на елаборатот содржан во пријавата за регистрација на ознака за потекло или географска ознака;
- Правилник за формата и содржината на единствениот документ за пријава за регистрација на ознака за потекло или географска ознака;
- Правилник за формата и содржината на спецификацијата на производот за добивање ознака за гарантиран традиционален специјалитет;
- Правилник за трошоците на постапката за регистрирање и користење на ознаката за потекло, географска ознака и гарантиран традиционален специјалитет;
- Правилник за формата, содржината, големината и употребата на ознаките „Заштитена ознака за потекло“, „Заштитена географска ознака“ и „гарантиран традиционален специјалитет“;
- Одлука за различни категории производи кои што можат да се означат на национално и меѓународно ниво како производи со заштитена ознака за потекло, географска ознака и заштита на традиционалното име со наведување на ознака за гарантиран традиционален специјалитет;
- Правилник за формата на постапката за жалба за предложената пријава за регистрација на ознака за потекло, географска ознака или ознака на загарантираната традиционална специјалност и образецот за доставување на информации од договорната постапка;

- Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на барањето за поништување на одлуката за регистрација;

- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на корисници на ознаката за потекло, географска ознака и означување на загарантираната традиционална специјалност;

- Правилник за начинот на поднесување на барањето, формата и содржината на образецот за измена и дополнување на елаборат или спецификација;

- Правилник за формата и содржината на регистарот на овластени тела за верификација.

Сите овие документи се достапни на македонски јазик на веб-страницата на македонското Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и се препорачува преглед од страна на национален експерт.

Во 2008 година, ФАО го постави истражувањето за студиите на случај за квалитетни производи поврзани со географско потекло на Балканот (http://www.fao.org/3/a-bp123e.pdf), каде што за усогласување на националното законодавство на Земјите од Западен Балкан со законодавството на ЕУ, се препорачува дека можеби тоа не е приоритет, бидејќи постојните закони и регулативи повеќе или помалку се во согласност со моделот на ЕУ. Поважен е начинот на кој законите се сфаќаат и спроведуваат од страна на институциите кои се јавуваат како засегнати страни. Сепак, тоа е лесен и логичен „влез“, кој исто така ќе овозможи дискусија за прашањето за конечните цели на правната рамка и неговата неопходна врска со руралниот и земјоделскиот развој.

Различни организации во Македонија развија документи и упатства кои се обидуваат да го објаснат процесот на добивање на национална и ЕУ регистрација за заштита на потекло или географска ознака. Некои од нив, како „Слоу Фуд“ на пример, направија попис на различни сурови или преработени производи во регионот кои што можат да бидат заштитени и подготвија нацрт изданија за некои производи под различни проекти:

- Прирачник за заштита на традиционалните производи (проф. Владимир Какуринов);

- Прирачник - Заштитени етикети за квалитетот на земјоделските и прехранбените производи (АЛКА - Центар за одржлив развој);

- Национален попис на производи од Албанија, Бугарија и Република Македонија, поврзани со потеклото. Пописот го идентификува и опишува традиционалниот начин на производство на следните производи: буковска пипер, кашкавал од Бистра, сорта на грозје Станушина, слатко од диви смокви, колешински кикирики, вклучувајќи ги и производните карактеристики за секој од производите („Слоу Фуд Битола“).

Многу студии на различни национални и меѓународни организации следејќи ги барањата на постојното законодавство на ЕУ и на Македонија, се обидоа да опишат различни производи со чие означување на потеклото или географската ознака може да се придонесе за зачувување на традиционалниот идентитет на соодветните рурални области и за економски развој, во помалку посакувани области, планински области и оддалечени региони, каде што земјоделскиот сектор е главната економска активност, а трошоците за производство се високи. Тие можат да ја надополнат политиката за рурален развој за овие области.

# 3. Анализа на прашалникот за заинтересираноста на производителите во Југоисточниот регион на Република Македонија за означување на нивните традиционални производи

## 3.1. Цел и методологија на истражувањето

Истражувањето беше планирано и спроведено во рамките на проектот: „Од нива до маса - Канализирање на проблемите на фармерите преку документи со ставови и други пишани форми", финансиран од грантовата програма: „Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за одржливо земјоделство во Западен Балкан".

Целта на истражувањето беше да се интервјуираат 30 фармери од мал обем во Југоисточниот регион во Македонија и да ги опишат нивните проблеми и очекувања, како и нивниот интерес и мотивација за заштита на нивните производи со ЗОП, ЗГО или ГТС.

Прашалникот беше дизајниран во октомври 2017 година (Анекс 1), а се фокусираше на следниве главни прашања:

- Вид на типични земјоделски производи од регионот и можностите што ги нуди регионот во однос на агро-прехранбените производи;
- Обемот на производството и големината на производителите;
- Пристап на производителите до фондови и национални програми за поддршка и информации за постојните земјоделски политики;
- Ниво на познавање на националната и политиката за квалитет на ЕУ (ЗОП, ЗГО и ГТС) и можностите за подобрување на нивната социо-економска состојба;
- Заинтересираноста на земјоделците да работат во групи - можности и предизвици.

Во 2018 година беа собрани 42 одговори на прашалникот. 16 од нив беа собрани во работилница со група од 16 производители, додека останатите 26 беа собрани преку користење на електронски образец за прибирање податоци (Google Form).

## 3.2. Општи информации за испитаниците

Испитаниците беа земјоделци и занаетчиски или конвенционални преработувачи на храна од Дојран, Гевгелија, Богданци, Неготино, Струмица, Босилево, Конче, Валандово, Василево, Ново Село, Радовиш, како што првично беше планирано од проектниот тим. Најзастапени општини беа Струмица со 19% од испитаниците, Валандово, Радовиш и Богданци  секој со 14% од испитаниците, а Дојран 10% од испитаниците.

Мнозинството од испитаниците беа мажи (60%). Возраста на испитаниците варира помеѓу 24 и 67 години. Застапеноста на младите фармери беше прилично добра (24%), но повеќето од нив не оставија свои контакти за понатамошно учество во проектните активности.

Главното земјоделско производство на испитаниците беше поврзано со растително производство и преработка. Повеќето од нив обработуваат неколку култури, главно овошје (25%) и зеленчук (23%), кои се типични за регионот (**Графикон 4**).

Воглавно се одгледуваат следните овошки: јаболко, јапонско јаболко, калинка, киви, смокви, лубеници, круши, цреши, грозје, сливи, тикви, костени и др. Производството на зеленчук е фокусирано на пиперки, домати, зелка и раноградинарски култури.

Производите се продаваат сурови или преработени. Најголем дел од испитаниците произведуваат џем (слатко) од различни овошја или ѓ'celi од тикви. Главниот преработен производ од зеленчук на испитаниците е ајвар.




**Графикон 4.** *Главни земјоделски производи (сурови или преработени), произведени од страна на испитаниците*

Најчестиот производ што го произведуваат испитаниците е слатко од диви смокви. Овој производ е традиционален и е произведен од 43% од испитаниците. Повеќето од нив се членови на здружението „Еко Росалес“. Поради тоа, се препорачува „Слоу Фуд Битола“ да се фокусира на понатамошната работа со овие фармери за означување на слаткото од диви смокви како ЗОП или ЗГО на национално и/или ниво на ЕУ. Друга причина за таа препорака е тоа што „Слоу Фуд Битола“ веќе има изработено попис на производниот процес и карактеристики на слаткото од диви смокви, кој го опишува традиционалниот начин на производство и може да послужи како основа за националната апликација за добивање ознака.

Речиси сите испитаници ги продаваат своите производи. Некои од нив го продаваат целото производство (71%), а останатите само дел од него (26%). Најголемиот дел од производите се продаваат на трговци, продавници и пазари на големо (44% од испитаниците) или директно до крајните потрошувачи (42%). Значителен дел од производителите (9%) ги продаваат своите производи во ресторани.




**Графикон 5.** *Маркетинг канали на испитаниците*

Најголем дел од интервјуираните земјоделци (43%) не добиваат поддршка под никакви национални шеми за поддршка. 38% од испитаниците добиваат поддршка според следните шеми:

- Субвенции за органско производство;
- Осигурување за земјоделски производи;
- Директни плаќања;
- Рурален развој;
- ИПАРД;
- ИПА;
- Изложби и саеми.

Испитаниците сметаат дека главните предности на Југоисточниот регион се поврзани со неговата поволна географска положба, климатските услови, плодноста на почвата и квалитетот на водата, што се предуслов за долготрајните земјоделски традиции и активности за преработка на храна. Чистата животна средина нуди можности за развој на органско производство во склад со природата и производство на здрава храна. Покрај тоа, испитаниците сметаат дека регионот има потенцијал за рурален и еколошки туризам. (**Графикон 6**).




**Графикон 6.** *Главни предности на југоисточниот регион на Македонија во однос на земјоделското и прехранбеното производство*

Мнозинството од испитаниците (60%) имаат информации за земјоделската политика и шемите за поддршка. Информациите се примаат главно преку интернет и медиумите (**Графикон 7**), но и преку федерација на фармери и МЗШВ. Затоа, се препорачува овие канали да се користат за промовирање на придобивките од шемите за политики за квалитет.




**Графикон 7.** *Главни канали кои ги користат земјоделците за информации за земјоделската политика и шемите за поддршка*

# 3.3. Заинтересираноста на испитаниците кон означувањето на нивните производи како PDO, PGI или TSG

Најголем дел од испитаниците (74%) произведуваат производ (**Графикон 8**) традиционален за Југоисточниот регион на Македонија. Најголем дел од испитаниците (43%) произведуваат на традиционален начин слатко од диви смокви. Другите традиционални производи, именувани од страна на испитаниците се: маџун и ајвар (10%); пиперка (13%); сок од домати и домати, мед, суви колбаси со праз, калинка, јапонско јаболко, киви, костен, јаболка и сливи, сок од лубеница, конзервирана (фригована) риба од Дојран (секоја од нив 3%). 62% од испитаниците ги познаваат другите производители и/или групи на производители кои го произведуваат истиот производ, особено оние што произведуваат слатко од диви смокви.




**Графикон 8.** *Традиционални производи произведени од страна на испитаниците*

Слаткото од диви смок е направено по традиционален рецепт, пренесен од една генерација во друга. Некои од испитаниците не сакаа да го споделат стариот рецепт, но неколку од нив го опишаа следниот процес:

- Кога се собираат смоквите, производителот треба да ги исчисти и потоа да се варат во 9 води. Кога смоквите се сварени, се прави шербет и смоквите се варат за последен пат.

Поголемиот дел од земјоделците (60%) сметаат дека нивните преработени производи се произведуваат со ист квалитет, додека 17% од испитаниците не дадоа никаков одговор. Главните причини за различен квалитет на производите што ги даваат испитаниците се:

- Климатска состојба и дожд (50%)]
- Различен квалитет на суровините, вклучувајќи ги и различни сорти на овошки (50%)

Уделот на земјоделците кои вршат квалитетна и сигурна контрола е 48%, додека останатите 52% сè уште не извршиле никакви контроли. Во зависност од производите, мнозинството контроли се вршат на Институтот за јавно здравје или Факултетот за ветеринарство. Здружението „Еко Росалес“ е главен организатор на групната контрола за квалитетот на производот од своите членови.

Главната причина поради која не се врши проверка на квалитетот на производите е што проверките се многу скапи и земјоделците не можат да си дозволат такви трошоци, па пристапот на здружението „Еко Росалес“ е добра практика што може да се следи и во иднина. Тој заклучок може да се оправда и со фактот дека 90% од испитаниците се подготвени да соработуваат околу маркетингот на нивните производи. Главните причини за соработка опишани од нив се:

- заедничка обработка на производи;
- размена на искуства;
- создавање група производители;
- заедничка продажба;
- наоѓање нови пазари;
- брендирање на традиционален производ;
- заеднички настап на странскиот пазар;
- поголеми количини за пазарот;
- традиционален начин на производство.

Мнозинството од испитаниците (81%) немаат никакво знаење за шемите за политики за квалитет на ЕУ и за процесот на означување како ЗОП, ЗГО, ГТС. Останатите 19% од испитаниците како производи заштитени со некоја од овие шеми ги навеле следниве македонски производи:

- Ајвар;
- Струмичка мастика
- Вино од Тиквешкиот регион.

Сепак, испитаниците сметаат дека постојат производи кои можат да бидат означени како производи со ЗОП, ЗГО или ГТС (Графикон 9). Најголем удел имаат двата производи - слатко од диви смокви (41%) и сок од калинка (21%).




**Графикон 9.** *Производи од југоисточниот регион на Македонија кои можат да бидат заштитени како производи со ЗОП, ЗГО или ГТС*

Повеќето од испитаниците сметаат дека е потребна финансиска поддршка за да се започне процесот на означување. Соработката меѓу земјоделците, во комбинација со образование, консултации и совети, исто така, се меѓу приоритетните потреби за отпочнување на процесот на назначување (**Графикон 10**).




**Графикон 10.** *Главните потреби за започнување на процесот на означување на производите како производи со ЗОП, ЗГО или ГТС.*

# 4. Заклучоци и препораки

Една од главните предности на заштитените ознаки за потекло (ЗОП) и заштитените географски ознаки (ЗГО) е тоа што тие можат да ги зачуваат традиционалните земјоделски и преработувачки практики и да придонесат за економскиот развој на регионите кои се помалку развиени и маргинални, или на области каде што земјоделскиот сектор е од поголемо економско значење.

Иако Југоисточниот регион на Република Македонија е добро познат по своите традиции во производството на храна и прехранбени производи, сè уште нема производи назначени како производи со ЗОП, ЗГО или ГТС на национално ниво и на ниво на ЕУ. Може да се иницира заштита за еден од традиционалните сурови или преработени производи, како што се различни сорти на овошје и зеленчук, или ајвар, слатко од диви смокви, сок од калинка.

Процесот за воведување ознаки за потекло според шемите за квалитет на ЕУ за производи кои не се во ЕУ, бара прво национална идентификација и препознавање на овие производи. Македонското законодавство во голема мера е усогласено со законодавството на ЕУ, но доказ за тоа како се спроведува не може да се најде на официјалната веб-страница на македонското Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Затоа, се препорачува експертите од „Слоу Фуд Битола“ да изберат еден национален производ и да го поминат целиот процес за национално и ЕУ означување. Бидејќи една од главните пречки за тоа, како што истакнаа испитаниците од истражувањето, е финансирањето, можностите за обезбедување на финансирањето може да бидат различни проекти за техничка помош на национално ниво (може да се користи мерката за техничка помош на ИПАРД) или други донаторски проекти.

„Слоу Фуд Битола“ го започна процесот на избор и опишување на производи кои можат да бидат заштитени како традиционални производи со географска ознака. Еден од опишаните производи е слаткото од диви смокви. Истражувањето јасно покажа дека фармерите и производителите овој производ го сметаат како традиционален кој може да се заштити според националната и политиката за квалитет на ЕУ.

„Слоу Фуд Битола“ веќе работи со здружението „Еко Росалес“, чии членови учествуваа во истражувањето. Тие покажуваат јасно интересирање да соработуваат меѓу себе, од една страна, за заедничка обработка на нивните производи, заедничка продажба, пронаоѓање нови пазари, брендирање и означување на нивните традиционални производи, а од друга страна да соработуваат со „Слоу Фуд Битола“ за идентификација на производот, едукација и консултации и обезбедување пазари за нивните традиционални производи. Оваа група на земјоделци би можела да биде јадро кое заедно со здружението „Еко Росалес“ и „Слоу Фуд Битола“ може да се обидат да го започнат процесот на означување на слаткото од диви смокви.

Зголемувањето на свеста кај производителите/преработувачите за можностите кои може да ги нуди системот ЗОП/ЗГО е важен процес кој треба да продолжи и во Југоисточниот регион на Македонија.

Општо земено, свеста на производителите и преработувачите за националните шеми и политиките за квалитет на ЕУ сè уште е ограничена. Потенцијалните активности може да вклучуваат студиски патувања (за организации на земјоделци, Федерација на фармери или слични форми на организирање, итн) и размена со земјоделците и производителите во ЕУ и соседните земји, објавување на информативни материјали и упатства за земјоделците и производителите и за локалните власти на интернет и медиумите за масовна комуникација.

За користење на постоечките можности за подобрување на препознатливоста и продажбата на традиционалните производи од регионот на Југоисточна Македонија и за зголемување на приходите на производителите во регионот, Слоу Фуд Битола би требало да ги преземе следниве чекори (според Казакова Ј, 2016 година, Економски и социјални придобивки од шемите за политики за квалитет на ЕУ):

- Фокусирано работење (посредување и правна поддршка) со производители на традиционални производи во регионот заради создавање ефективна група производители на односниот производ; Слаткото од диви смокви може да биде производ околу кој оваа група може да биде изградена.
- Обезбедување на техничка и посредничка помош на среден рок за групи производители во регионот, а со цел, развој на спецификацијата на производот, како и развивање на најдобриот опис на процесот на производство и географската област на потекло, вклучувајќи соодветна проценка на шемата за квалитет под која производите треба да бидат регистрирани (ЗОП, ЗГО или ГТС);
- Поддршка на групи производители во процесот на регистрација - од национално до европско ниво, со

цел да се намалат бирократските пречки и минимизирање на периодот за регистрација;

- Помош на групи производители да развијат стратегија и да го планираат пласманот и дистрибуцијата на пазарот на регистрираниот производ.



„Од нива до маса – канализирање на проблемите на фармерите преку документи со ставови и други пишани форми"

**Општа цел:** Зголемување на способноста и одржливоста на малите фармери и производители на храна кои користат традиционални методи на производство во регионот на Маврово - Ростуше и југоисточниот регион на Македонија, преку препознавање на нивните потреби и проблеми и адресирање на истите пред националните донесувачи на одлуки.

**Специфични цели:** Да се направи целосна употреба на опцијата за флексибилност и да се овозможи директна продажба на квалитетни сирења; Да се анализираат производи кои поседуваат можност да бидат заштитени со некоја од ознаките за квалитет со што би се придонело за руралниот развој и заштитата на биолошката разновидност;
Да се иницира јавна дебата за одржлив рурален развој во Македонија и да се промовира работата на малите производители како модел за одржливо производство; Да се подигне свеста на производителите и на потрошувачите во врска со важноста на биолошката разновидност и заштитата на пејзажите, преку креирање и спроведување на активни кампањи.

Проектот е дел од програмата за регрантирање на регионалниот проект
"Одржливо земјоделство за одржлив Балкан: Зајакнување на капацитетот на организациите награѓанското општество за јавно застапување и развивање на политики на Западниот Балкан" насочен е кон Зајакнување на капацитетот на организациите награѓанското општествоза јавно застапување и изработка на регионална политика во областа на одржливото земјоделство, заштита набиодиверзитетот и благосостојбата на животните на Западниот Балкан.

Повеќе информации:http:www.sasb-eu.org



Проектот е финансиран од Европската Унија

Овој прирачник е изработен со помош на Европската Унија, ОРКА и партнерите од регионалниот конзорциум, кои го спроведуваат проектот "Одржливо земјоделство за одржлив Балкан: Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за застапување и развој на политики во Западниот Балкан"

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Слоу Фуд Битола и партнерите и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската унија, ORCA или партнерите на конзорциумот.

Повеќе информации:http:www.sasb-eu.org



Проектот е финансиран од Европската Унија

ORCA

AKTIV

CZIP

florozon center for environmental democracy

INSTITUTE FOR ENVIRONMENTAL POLICY

www.slowfood.mk